поттикне развој на руралните економии. Владата на Република Македонија иницијално ги определи следниве сектори како приоритети кои ќе бидат поддржани со ИПАРД:

- *месо и млеко;*
- *овошје и зеленчук и*
- *грозје и вино.*

Компонентата се однесува на следниве приоритетни оски:

1: *Подобрување на конкурентност преку реструктурирање и воведување на стандардите на ЕУ: инвестиции на фарма и преработка и маркетинг*

2: *Диверзификација на економски активности во рурални средини: рурална диверзификација*

Мерката *инвестиции на фарма* има за цел:

1. Модернизација на фарми;
2. Примена на стандардите на ЕУ (хигиена, заштита на животната средина, благосостојба на животните).

*Корисници:* Индивидуални фарми, земјоделски кооперативи, правни лица кои се занимаваат со земјоделска дејност, кои ги исполнуваат минимум националните стандарди за активноста за која аплицираат и кои ќе прикажат зголемена економска одржливост на крај од инвестицијата. Поддршката се однесува за инвестиции во областа на лозарство и овоштарство, производство на зеленчук и одгледување на животни за производство на млеко и месо и за преработка/производство.

Мерката *инвестиции во преработка и маркетинг* има за цел:

Подигнување на нивото на конкурентност во и на секторот; Примена на стандардите на ЕУ, и

Фокус на мали и средни претпријатија.

*Корисници:* Земјоделски кооперативи и правни лица кои се занимаваат со земјоделска дејност (мали и средни претпријатија), кои ги исполнуваат минимум националните стандарди за активноста за која аплицираат и кои ќе прикажат зголемена економска одржливост на крајот од инвестицијата.Поддршката се однесува за инвестиции во областа на производство на вино (само во делот на финализација), преработка на овошје и зеленчук, производство на млеко и млечни производи и кланици;

Мерката *диверзификација на економски активности во рурални средини* е отворена за индивидуални фарми, микропретпријатија, кои ги исполнуваат минимум националните стандарди за активноста за која аплицираат и кои ќе прикажат зголемена економска одржливост на крајот од инвестицијата. Поддршката се однесува за инвестиции во областа на рурален туризам, мали преработувачки капацитети на фарма за традиционални производи, занаетчиски дејности и услуги поврзани со земјоделството и руралната популација.

## 9.10. ИПА 2014 - 2020

Новиот Инструмент за предпристапна помош (ИПА-2) ќе продолжи да се фокусира на реализација на политиката на проширување на ЕУ. Тоа е еден од

клучните приоритети на нејзината надворешна политика, помагајќи притоа да се промовира стабилност, безбедност и просперитет во Европа. За таа цел, новиот инструмент ќе продолжи да ја извршува општата политичка цел за обезбедување насочена помош на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската Унија во нивното прогресивно усогласување со стандардите и политиките на Европската Унија, *а* во согласност со нивните специфични потреби и прилагодено на нивните индивидуални планови за пристапување. Притоа, кохерентноста помеѓу финансиската помош и севкупниот напредок во спроведувањето на претпристапната стратегија ќе биде зајакната.

Преку Договорите за стабилизација и асоцијација и други дополнителни договори со земјите кандидати и потенцијални кандидати, Европската Унија активно ги поттикнува да воспостават системи на конкуренција и транспарентност. Идната на претпристапна помош односно ИПА-2, ќе биде соодветно на тоа дополнително посветена на зајакнување на капацитетот за истражување и иновации, како конкурентноста во информатичко-комуникациската технологија (ИКТ). Тоа за возврат ќе ја олесни реализацијата на плановите за „Иновативна Унија", како дел од основата на други стратегшки цели на Европа 2020, но и ќе ја олесни усогласеноста на економските системи на земјите кандидати и потенцијални кандидати со техничките барања и стандарди на Европската Унија во низа на други политики (јавно здравство, безбедност на храна, климатски промени и животна средина, итн.).

Вкупниот буџет на ЕУ за ИПА-2, кој ќе стои на располагање на земјите кандидати и потенцијални кандидати (Исланд, Турција, Црна Гора и Македонија, односно Србија, Босна и Херцеговина, Албанија и Косово) изнесува 14,110 милијарди евра, и тоа според следниот временски распоред (прикажано во милиони евра):

Табела 9.10.1

| 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | **2014-2020** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1898,0 | 1935,9 | 1974,6 | 2014,1 | 2054,4 | 2095,5 | 2137,4 | **14110.1** |

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА РЕГИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ ВО МАКЕДОНИЈА**

## 10. Финансиски средства за поддршка на регионалниот развој

Со Буџетот на Република Македонија за 2012 година (после ребалансот во јуни 2012) се обезбедени средства во вкупен износ од 4.259,98 милиони денари, кои претставуваат 0,88% од оценетиот Бруто домашен производ за 2012 година од 481.808 милиони денари. Тоа се вкупните средства кои се планирани за поддршка на проекти со регионална развојна компонента и се планирани во одвоени програми и потпрограми во различни министерства, што значи дека се спроведуваат според нивните политики на поддршка на развојот, но без вклучување на меѓународните донации преку ИПА програмата или задолжувањата кај Светска Банка.

Според Претпристапна економска програма[7] за периодот 2012 - 2014 година, донесена од Владата на Република Македонија во текот на месец јануари 2012 година, основна цел е намалувањето на негативните последици од светската економска криза, како и забрзување на економскиот раст. При тоа, потребно е неколкугодишно последователно остварување на високи стапки на раст за граѓаните да почувствуваат позначајно зголемување на расположливиот доход и подобрување на нивниот животен стандард. Во текот на 2012 година, се очекува бруто домашниот производ да порасне за 2,5%, додека потоа се очекува проектиран пораст од околу 4% до 5%. Притоа, ваквата проекција зависи од темпото на закрепнување на светската економија, како и од понатамошниот успех во привлекувањето на странски директни инвестиции (СДИ) и реализација на планираните капитални инвестиции. Оттука, може да се очекува дека во наредните години капиталните вложувања во регионалниот развој би имале споредливо ниво на раст како и домашниот производ.

Табела бр.10.1 Во илјада денари

| Извор на финансирање | 2012 | 2012 (ребаланс) | 2013 | 2014 | 2015 | Вкупно 2013-2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | | | | | |
| Министерство за локална самоуправа и биро за регионален развој | 175.600 | 77.360 | 99.035 | 103.780 | 118.880 | 321.695 |
| Останати линиски Министерства | 4.774.500 | 4.181.520 | 4.492.836 | 4.331.619 | 4.835.600 | 13.661.055 |
| Вкупно | 4.950.100 | 4.258.880 | 4.591.871 | 4.430.654 | 4.954.480 | 13.982.750 |

Сите информации во врска со средствата кои се планирани за одделни Министерства и одделни програми во Буџетот на Република Македонија за 2013 година, можат да се најдат и на веб-страницата на Министерството за финансии:

http://www.finance.gov.mk/view/budget2012

7 Претпристапна економска програма 2012 -2014: Макроекономска политика, јавни финансии и структурни реформи. Министерство за Финансии. Јануари 2011

## 10.1. Индикативен буџет за проекти за рамномерен регионален развој од Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој

Согласно Буџетот на Република Македонија за 2012 година, Програмата која што се однесува за Регионалниот развој има за цел промовирање на рамномерен регионален развој на државата и намалување на диспаритетите во степенот на развиеност меѓу планските региони. За 2012 година, во почетниот Буџет, беа алоцирани средства во износ од 175.600.000 денари, и тоа во рамки на ставката на општ буџет преку централните приходи. После ребалансот, сумата која е на располагање во рамките на оваа Програма се 78.462.000 денари. Оваа потпрограма е претставена како развојна повеќегодишна потпрограма која се реализира преку Буџетот на Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој, средствата се се обезбедени од изворни средства на Буџетот на Република Македонија и подлежат на следнава распределба:

Табела бр.10.1.1 Во илјада денари

| Раздел | Институција | Намена | 2012 | 2012 (ребаланс) | 2013 | 2014 | 2015 | Вкупно 2013 - 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | милиони денари | | | |
| 19101 | Министерство за локална самоуправа | Рамномерен регионален развој | 109.000 | 27.860 | 49.992 | 53.780 | 63.880 | 167.652 |
| 28001 | Биро за регионален развој | Рамномерен и одржлив регионален развој | 65.500 | 49.500 | 49.043 | 50.000 | 55.000 | 154.043 |
| | Вкупно: | | 174.500 | 77.360 | 99.035 | 103.780 | 118.880 | 321.695 |

Податоците за финансиските износи во горната табела се утврдени во Буџетот на Република Македонија за 2013 година, а Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој ќе ги користат средствата во рамки на максимално утврдените износи согласно буџетот.

## 10.2. Индикативен буџет за проекти за регионален развој од линиските министерства

Покрај наведените средства за регионален развој, Буџетот на Република Македонија за 2013 година, во буџетите на останатите линиски министерства, содржи средства кои во себе имаат регионална развојна компонента и се наменети за поддршка на регионалниот развој:

Табела бр.10.2.1

Во илјада денари

| Програма | Институција | Намена | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| МВ | Министерство за финансии | Регионален развој | 118852 | 103135 | 46261 |
| МГ | Министерство за финансии | Развој на човечки ресурси1 | 38052 | 7705 | 727 |
| ДВ | Министерство за економија | Технолошки индустриски развојни зони | 402500 | 500000 | 500000 |
| ДГ | Министерство за економија | Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија | 8016 | 12400 | 12760 |
| ДЕ | Агенција за странски инвестиции | Поддршка на инвестициони вложувања | 183000 | 183000 | 183000 |
| 21 | Министерство за животна средина и просторно планирање | Инвестиции во животната средина | 54000 | 54000 | 54000 |
| 2А | Министерство за животна средина и просторно планирање | Каскадни прегради на река Вардар | 72600 | 72600 | 90000 |
| 2Б | Министерство за животна средина и просторно планирање | Дојранско езеро | 42000 | 45000 | 61500 |
| 3Б | Министерство за транспорт и врски | Водовод и канализација за општините2 | 63371 | 0 | 66214 |
| 3Г | Министерство за транспорт и врски | Водоснабдување и одведување на отпадни води3 | 75000 | 22071 | 44143 |
| 3Д | Министерство за транспорт и врски | Гасификација | 244246 | 75518 | 27590 |
| ДА | Министерство за транспорт и врски | Инвестиции во железничката инфраструктура4 | 514677 | 276828 | 287557 |
| 6А | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Хидросистем Злетовица | 483010 | 499945 | 562089 |
| 6Б | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Хидросистем Лисиче | 33580 | 6290 | 16590 |
| 6Г | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Програма за наводнување на јужна долина на Вардар5 | 54170 | 109981 | 206239 |
| 6Д | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Хидросистеми Конско, Маркова река и брана на Оризарска река | 10000 | 50000 | 80000 |
| 6Е | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | Хидросистем Равен-Речица и брана на река Слупчанска | 0 | 50000 | 80000 |
| 2А | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | Финансиска поддршка на рурален развој | 700000 | 860000 | 922500 |
| МД | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој | Рурален развој (Интеграција во ЕУ) | 52000 | 144311 | 134391 |
| 3А | Министерство за труд и социјална политика | Изградба и опремување објекти за детска заштита | 53600 | 55000 | 57000 |
| 4А | Министерство за труд и социјална политика | Изградба и опремување објекти за социјална заштита | 8400 | 10000 | 12000 |
| БА | Министерство за труд и социјална политика | Поттикнување на вработување | 228500 | 228500 | 228500 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ТА | Министерство за образование и наука | Изградба на основни училишта | 157102 | 200000 | 250000 |
| ТБ | Министерство за образование и наука | Реконструкција на основни училишта | 23000 | 20000 | 20000 |
| ТВ | Министерство за образование и наука | Училишни спортски сали во основни училишта | 120199 | 18746 | 24272 |
| ТГ | Министерство за образование и наука | Изградба на средни училишта | 63000 | 75000 | 75000 |
| ТД | Министерство за образование и наука | Реконструкција на средни училишта | 30000 | 35000 | 40000 |
| ТЕ | Министерство за образование и наука | Училишни спортски сали во средни училишта | 39109 | 46198 | 0 |
| ТИ | Министерство за образование и наука | Реконструкција на ученички домови | 5000 | 5000 | 5000 |
| ТЈ | Министерство за образование и наука | Изградба на студентски домови | 56222 | 50000 | 45000 |
| 2А | Агенција за млади и спорт | Спортски објекти | 256600 | 302000 | 352000 |
| 21 | Министерство за култура | Скопско, Тетовско и Виничко Кале | 80000 | 80000 | 80000 |
| 23 | Министерство за култура | Археолошки локалитети | 33000 | 33000 | 33000 |
| 1А | Министерство за здравство | Реконструкција и доградба на објекти на ЈЗУ | 66600 | 33107 | 55179 |
| 1В | Министерство за здравство | Изградба на амбуланти во руралните подрачја | 8800 | 0 | 0 |
| 1Е | Министерство за здравство | Дијагностички центар / клиничка болница во Тетово | 40000 | 20000 | 0 |
| 1Ј | Министерство за здравство | Изградба на ПЕТ центар | 46600 | 15000 | 144000 |
| МБ | Министерство за локална самоуправа | Прекугранична соработка | 28030 | 32284 | 39088 |
| | | | | 4331619 | 483560 0 |
| | | **Вкупно:** | **4492836** | **4331619** | **4835600** |

1 донации не се пресметани ви износ од 188,203 во 2013 г.
2 донации во износ 80,820 и заеми во износ 122,620 не се пресметани
3-заеми ви износ од 236,043 не се пресметани
4-заеми во износ 306,550 не се пресметани во табелата
5-заеми во износ 60,083 не се пресметани во табелата

Образложение:

Проектите кои ќе бидат финансирани со средствата прикажани во табелата имаат фокус на регионалниот развој, односно придонесуваат за поттикнување на рамномерен одржлив регионален развој на целата територија на Република Македонија, односно тоа се проекти кои имаат развоен карактер и можат да дадат придонес за зголемување на Бруто-домашниот производ и вработеноста во одделни региони.

Само дел од наведените ставки по раздел, програма, потпрограма, категорија и ставка се однесуваат на планирани буџетски средства кои што јасно се наменети за спроведување на националната политика за рамномерен регионален развој преку

програмите на односното министерство и институција. Останатите наведени ставки се однесуваат на активности кои што имаат регионален карактер според расположливиот опис, но најчесто без јасно образложение за регионалниот ефект и влијание на активностите. Но, бидејќи и овие програми преку нивните мерки и активности имаат регионален карактер, произлегува оправданоста и логичноста истите да бидат земени во предвид при анализа на буџетските средства кои што се наменети за активности кои што ќе приднесат кон поттикнување и поддршка на регионалниот развој на Република Македонија. На крај, ова е исто така важно за да се избегне слободното толкување во пристапот при анализирањето на расположливите податоци.

Програмите кои што ги подготвуваат буџетските корисници не секогаш се детални и обемни во описот на мерките и активностите кои што ги вклучуваат. Оттука, и аспектот на регионалното значење и влијание не секогаш е јасно видлив или разграничен преку самите програми. Имено, ова води кон согледување дека уште во фазата на нивно проектирање не секогаш се планирани врз основа на концептот за регионален развој. Тие рефлектираат прашања од регионален интерес и карактер, но не задолжително го вклучуваат елементот на регионален развој. Ова резултира и со појава во повеќе министерства да постојат слични програми кои поддржуваат слични активности (поддршка за конкурентни производи) и без да постои координираност меѓу истите. Или, и самата буџетска рамка содржи некои ставки кои што по описот навестуваат економски активности што по претпоставка би имале локален, регионален или национален карактер

Истовремено, проектите кои се финансираат во градот Скопје од буџетите на линиските министерства не се пресметани како средства за поддршка на регионалниот развој бидејќи се смета дека тие ја подобруваат состојбата на центарот vis-à-vis регионите како единки на полицентричниот развој. На ист начин е постапено и со средствата кои за развојни проекти ги одвојуваат единиците на локалната самоуправа од своите буџети. И покрај нивното можно регионално влијание се смета дека се тие во основа локални проекти.

### 10.3. Индикативен буџет за подготовка на спроведување на проекти од ИПА-програмата

Индикативниот буџет е прикажан врз основа на Одлуката на Европската Комисија (Comisson decision C(2007) 1853) од 30. април 2007 во однос на повеќегодишниот Индикативен плански документ - МИПД 2007 - 2009 (Multi-annual Indicative Planning Document (MIPD) 2007-2009) за Република Македонија. Значајно е тоа што средствата се прикажани според годините на одобрување,се употребуваат со временски јаз од три години.

Табела бр.10.3.1

| Компонента | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | милиони евра |
| Инситуционална изградба | 36,92 | 28,80 | 28,21 | 27,94 | | |
| Прекугранична соработка | 4,47 | 5,12 | 5,18 | 5,24 | | |
| Регионален развој | 29,40 | 39,30 | 42,30 | 51,80 | | |
| Развој на човекови ресурси | 8,40 | 8,80 | 10,38 | 11,20 | | |
| Рурален развој | 12,50 | 16,00 | 19,00 | 21,03 | | |
| Вкупно | **91,68** | **98,03** | **105,07** | **117,21** | | |

## *Релевантност на Акциониот план во однос на Европските стратегии*

11. **Индикативен буџет за проекти за рамномерен регионален развој од Министерството за локална самоуправа и Бирото за регионален развој**

### 11.1. Приоритети и цели на Стратегијата за регионален развој и Стратегијата „Европа 2020“

| Мерки во Стратегијата Европа 2020 | Приоритетни мерки во Акциониот план | Анализа / коментар |
|---|---|---|
| ***Паметен раст*** **- подобрување на перформансите: дигитално општество (со употреба на информациска и комуникациска технологија)** | Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони | Стратегијата за регионален развој на РМ не поддржува директно активности за воведување на информатичко општество, но тие не се ниту исклучени за интервенција. Останатите национални развојни политики ја поддржуваат оваа мерка. |
| ***Паметен раст*** **- истражување и развој, со креирање на нови призводи/услуги кои генерираат раст и работниместа, но и се обраќаат и на социјалните предизвици** | Поттикнување на економскиот раст во планските региони<br>Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони<br>Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони | Развојот на регионалната конкурентност ќе има позитивно влијание врз развојот на целиот истражувачки сектор. Идните потреби и побарувања од индустријата, трговијата и услужните дејности ќе го надградат истражувањето и иновацијата преку отварање на регионални и национални институции. |
| ***Одржлив раст*** **- користење на ЕУ мрежите за овозможување на дополнителна конкурентска предност и подобрување на деловното опкружување, посебно за малите и средни претпријатија** | Поттикнување на економскиот раст во планските региони<br>Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони<br>Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони | Деловните потреби на регионите ќе бидат потранспарентни со подинамичен развој. Ова ќе ги поттикне јавните институции да отворат процеси и да ја зајакнат транспарентноста, што ќе помогне при развојот на поддржувачката деловна средина. |
| ***Економско управување*** **- активности за одбрана на стабилноста на Еврозоната - во 2010 ЕУ воспостави времен одбранбен механизам кој ќе биде замент од Европскиот Механизам за стабилност - ЕМС во 2013. Овие алатки се** | | Директни мерки за остварување на овие цели на ЕУ не се планирани во Акциониот план. Сепак, остварувањето на ќе придонесат на вклучувањето на земјата во Европските интегративни процеси |

| | | |
|---|---|---|
| **базираат и се условени со стриктно придржување на мерките за фискална консолидација и реформи во земјите кои сакаат да добијат финансиски средства** | | |
| ***Економско управување* - активности за корекции и поправки во финансискиот сектор** | | |
| ***Паметен раст* - образование: поттикнувајќи ги луѓето да учат, студираат и надградуваат своите знаења и вештини** | - Поттикнување на економскиот раст во планските региони<br>- Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони<br>Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони<br>Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите | Регионите ќе започнат со подготовка на образовни и тренинг програми во насока на развојот на сопствената средина. Општеството на знаење ќе биде отворено за сите социјални групи и мора да ја валоризира својата ефикасност и релевантност. |
| ***Инклузивен раст* - економија со високи стапки на вработеност, која овозможува економска, социјална и територијална кохезија: подигање на стапката на вработеност во Европа - повеќе и подобри работни места, особено за жени, млади и постари вработени** | - Поттикнување на економскиот раст во планските региони<br>- Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони<br>Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите | Подобра инфраструктура ќе резултира со зголемување на бројот на работни места и развој на деловните субјекти. Инфраструктурниот развој во планските региони ќе треба да ги прати развојните можности. |
| ***Инклузивен раст* - економија со високи стапки на вработеност, која овозможува економска, социјална и територијална кохезија: модернизирање на пазарите на труд и социјалните системи, односно обезбедување придобивките од растот да ги достигнат сите делови на ЕУ.** | Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони<br>Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите | Економскиот развој ќе ја поддржи социјалната кохезија, додека одржливиот развој ќе биде овозможен преку внесување на социјални елементи и социјалната одговорност во бизнисот. |
| ***Инклузивен раст* - економија со високи стапки на вработеност, која овозможува економска, социјална и територијална кохезија: обезбедување придобивките од растот да ги достигнат сите делови на ЕУ.** | - Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони<br>- Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите | Социјалниот развој ќе биде поддржан како специјална мерка, а координацијата со другите сектори ќе биде потребна за да се обезбеди кохезија и концентрација на ресурсите во планските региони. |

| | | |
|---|---|---|
| ***Економско управување*** **- зајакната економска агенда со потесно набљудување од ЕУ: договарање на развојни приоритети и цели како дел од Европа 2020, потесна соработка преку алатки за совладување на макроекономските дисбаланси, вклучително нов работен метод „Европски семестар“ џза дискусија на буџетските и развојните приоритети во исто време секоја година.** | Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони<br>Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите | Регионалното планирање ќе треба да е резултат на употребата на модерни техники и алатки на сите нивоа на управување од страна на Центрите за развој на планските региони. Оваа можност ќе стои на располагање и за подобрување на методите на планирање и спроведување. Регионалниото долгорочно планирање е методолошки чекор напред и ќе придонесе за зголемување на ефикасноста на јавните средства и ефективноста на инструментите за спроведување на регионалната политика.<br><br>Подобра координација на националните и регионалните развојни политики и финансиски планови ќе има позитивно влијание на фискалните политики и ќе ја помогне одржливоста на јавните финансии. Координацијата на владините сектори и регионите, ќе помогне во подготовката на проекти и зголемувањето на нивната ефикасност. |
| ***Одржлив раст*** **- изградба на поконкурентна економија со ефикасна и одржлива употреба на ресурсите; заштита на животната средина преку намалување на емисијата на гасови и спречување на загубата на биодиверзитетите; и капитализирање на лидерството на Европа во развојот на „зелени“ технологии и производни методи;** | □ Поттикнување на економскиот раст во планските региони<br>□ Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони<br>□ Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони | Регионалното и националното долгорочно планирање на развојот ќе ги мобилизираат потребните финансиски средства и ќе ги употребат за развој на планските региони. Одржливоста на овие средства ќе биде осигурана преку модерни техники и методи на планирање. |

## 11.2. Приоритети и цели на Стратегијата за регионален развој на РМ и Стратегијата за одржлив развој на ЕУ (EU SDS) - нова верзија

| Цели на ЕУ СДС | Мерки во Акциониот план | Совет до апликантите |
|---|---|---|
| Да се ограничат климатските промени, нивното влијание и трошок за општеството и околината | | |
| Да се обезбеди усогласеност на транспортните системи со општествените економски, социјални и еколошки потреби истовремено минимизирајќи | □ Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони<br>□ Оптимално користење и валоризација на | Проекти за планирање на јавниот транспорт и зголемување/подобрување на регионалната конкурентност |

| | | |
|---|---|---|
| го нивното негативно влијание на економијата, општеството и животната средина | природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони<br>□ Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони | |
| Да се промовираат одржливи потрошувачки и производни навики | □ Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони | Финансирање на проекти за развој на регионално производство и потрошувачка на храна и други производи како основа за поддршка на одржливи потрошувачки навики. |
| Да се подобри управувањето и спречи прекумерното искористување на природните ресурси, препознавајќи ја вредноста на системите и услугите за екосистеми | □ Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони<br>□ Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони | Проекти за одржливо искористување на животната средина треба да бидат финансирани како основа за развојот на одржливи плански региони, посебно во шумарството, шумските плодови, земјоделството, културата и природата. |
| Да се промовира добро јавно здравје на еднакви основи и да се подобри здравствената заштита | □ Поттикнување на економскиот раст во планските региони<br>□ Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони | Проекти за развој на одржлив здравствен систем ќе бидат поддржани за осигурување на сигурни и добри услови за живот во планските региони |
| Да се создаде социјално вклучувачко општество врз основа на солидарноста на помеѓу генерациите и да се подигне нивото на квалитет на живот на граѓаните како предуслов за долгорочна индивидуална благосостојба | □ Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони<br>□ Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите | Сите проекти за социјална заштита и социјално вклучување би требало да бидат поддржани за да се постигнат очекуваните нивои на социјална заштита. Сите социјални инвестиции кои во овој контекст ќе водат кон подобрено социјално вклучување и заштита се добредојдени. |
| Активно да се промовира одржливиот развој и да се обезбеди усогласеност на внатрешните и надворешните политики на ЕУ со глобалните развојни насоки. | □ Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони<br>□ Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони. | Сите проекти за соработка, размена и трансфер на знаење со други региони во ЕУ би требало да бидат финансирани. Кофинансирање на проекти од други надворешни извори е добредојдено во рамките на оваа мерка. |

## СТРАТЕШКА ПРОЦЕНА НА РИЗИКОТ И ВЛИЈАНИЕТО *ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА*

### 12. Стратешка проценка на влијанието врз животната средина

Поради фактот што овој план беше подготвен по усвојувањето на Стратегијата, оваа процена се однесува повеќе на процедурите за спроведување и на потенцијалните проекти, отколку на одлуките на ниво на политики кои се веќе усвоени. Тоа е и причина за спроведување на процесот на Стратешка процена на влијанието врз животната средина без учество на јавноста и без широки дискусии.

Намера на оваа проценка е да биде од корист и да помогне во процесот на спроведување на Стратегијата и развојните проекти. Таа има намера да ги поттикне апликантите да ги разберат влијанијата на нивните предложени интервенции односно активности врз животната средина и да презентира неколку различни можни негативни влијанија на мерките и подоцнежните проекти. Заради недостатокот на програмски документи во Република Македонија, како основа за подготовката на мерки и препораки за намалување на негативното влијание беа земени европските програмски документи, стратегии и практики.

Почетната стратешка проценка на влијанието врз животната средина беше спроведена на следниов начин:

- **Дефинирање на приоритетните мерки** со МЛС и јасна идентификација и разбирање на нивниот детален контекст;
- **Процената на предложените приоритетни мерки** беше направена со квалитативен опис на позитивните односно негативните ефекти кои би биле предизвикани од секој приоритет и мерка (матрица на релевантност). Бидејќи содржините, целта и спроведувањето на предложените активности во Стратегијата и Акциониот план се широки и недоволно прецизно дефинирани, понекогаш претставуваше потешкотија да се процена можните влијанија врз животната средина. Можните ефекти врз релевантните прашања и индикатори беа анализирани за секоја мерка посебно на начин кој овозможуваше формулирање на алтернативни предлози;
- **Предлозите за намалување на влијанието и препораките** треба да се спроведат преку програмски документ кој во основа ќе има за цел да ги намали предвидените негативни влијанија врз животната средина.

**Табела 1: Матрица на релевантност**

| Степен | Објаснување на степенот |
|---|---|
| A | Без влијание / Влијанието може да е позитивно |
| B | Незначително влијание |
| C | Незначително влијание (поради спроведување на мерки за намалување на влијанието) |
| D | Значително влијание |
| E | Разорно влијание |
| X | Одредување на влијанието не е можно |

## 12.1. Почетна проценка на влијанието на приоритетните мерки врз животната средина

| Приоритет / мерка | | Значително влијание | Влијание | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Директно | Индиректно | Кумулативно | Перманентно | Времено | Степен |
| **Полни приоритети** | | Зголемена употреба на земјиштето | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | B |
| | | Зголемено звучно загадување | ⚐ | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | B |
| | Поттикнување на економскиот раст во планските региони | ~~Зголемено загадување на воздухот~~ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | C |
| | | Загадување на почвата | ⚐ | - | ⚐ | - | ⚐ | B |
| | | Зголемена потрошувачка на вода | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | - | C |
| | | Генерирање на отпад | ⚐ | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | C |
| | Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони | Заштита и ревитализација на културното наследство (позитивен ефект) | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | A (позитивно) |
| | | Пристапност, свест и употреба во образовни цели (позитивно влијание) | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | A (позитивно) |
| | Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони | Потрошувачка на природни ресурси (градежен материјал) | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | B |
| | | Зголемен притисок на Националните паркови и заштитени области | ⚐ | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | C |
| | | Зголемена свест за зачувување на природата и подобрено управување со осетителите во заштитените области (поситивно влијание) | ⚐ | ⚐ | - | ⚐ | ⚐ | A (позитивно) |
| | | Зголемени количини на отпадна вода | ⚐ | ⚐ | ⚐ | - | ⚐ | C |

| Приоритет / мерка | | Значително влијание | Влијание Директно | Индиректно | Кумулативно | Перманентно | Временo | Степен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритети од аспект на подготовка на развојни проекти** | □ Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони | Зголемена употреба на земјиштето | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | B |
| | | Зголемено звучно загадување | - | ⚐ | ⚐ | - | ⚐ | B |
| | | Зголемено загадување на воздухот | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | C |
| | | Загадување на почвата | - | ⚐ | ⚐ | - | ⚐ | B |
| | | Зголемена потрошувачка на вода | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | - | C |
| | | Генерирање на отпад | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | C |
| | □ Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони | Заштита и ревитализација на културното наследство (позитивен ефект) | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | A (позитивно) |
| | | Пристапност, свест и употреба во образовни цели (позитивно влијание) | - | ⚐ | ⚐ | - | ⚐ | A (позитивно) |
| | | Потрошувачка на природни ресурси (градежен материјал) | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | B |
| | □ Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите | Зголемен притисок на Националните паркови и заштитени области | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | C |
| | | Зголемена свест за зачувување на природата и подобрено управување со осетителите во заштитените области (поситивно влијание) | - | ⚐ | ⚐ | ⚐ | ⚐ | A (позитивно) |
| | | Зголемени количини на отпадна вода | - | ⚐ | ⚐ | - | ⚐ | C |



## 12.2. Предложени мерки за намалување на влијанието и совети до апликантите

| Прашања | | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Животна средина | Килматски промени | *Намалување на емисијата на стакленички гасови* | МНВ | Спроведување и промоција на системи за јавен траспорт | Обалстите каде ќе се реализираат проектите се слабо меѓусебно поврзани со јавен транспорт што ја ограничува мобилноста на сопствениците на возила и го зголемува загадувањето од сообраќајот. На овој начин, ќе се зголеми мобилноста. Оваа мерка е озводлива во оддалечени проектни области и има силни врски со вработеноста, образованието и туризмот. | МЛС во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање -МЖСПП и Министерството за транспорт и врски - МТВ |
| | Воздух | *Достигнување на целни вредности за $NO_x$, $SO_2$, $PM_{10}$, $NO_2$ и Pb, CO, како и за бензен и озоне* | | Спроведување и промоција на системи за јавен траспорт во туристичките области | На најголемиот број од туристичките области им недостига систем за јавне транспорт, па повеќето туристи доаѓаат со возила, а тие без сопствен транспорт се ограничени во разгледувањето на убавините. Оваа мерка е изводлива во области со силен туристички сектор. | МЛС во соработка со МЖСПП и МТВ |
| | | | | Поддршка на концепти на иновативни решенија за движење | На локално ниво, мобилноста може да биде подржана и зголемена на повеќе иновативни начини: од промоцијата на употреба на велосипед до јавен траспорт со минибуси или збирно движење со автомобили. Оваа мерка е изводлива во сите плански региони. | МЛС во соработка со МЖСПП и МТВ |

| Прашања | | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | П | Сите проекти кои во себе содржат активности за собирање на голема група на луѓе (културни настани, промоција на заштита на природата и слично) треба да имаат обезбедено јавен транспорт за учесниците како една од клучните активности | Секој добро промовиран настан привлекува голем број на посетители/учесници. За да се намали влијанието врз загадувањето, емисијата на стакленички гасови и паркирањето, треба да биде обезбеден јавен транспорт за посетителите на такви настани или опција за користење/комбинирање на повеќе превозни средства (воз и автомобил, безбедно паркирање на велосипеди, итн.). Препораката е изводлива во сите проектни области и за сите проекти. | Бирото во соработка со апликантите |
| | Вода | *Добар квалитет на површинските и подземни води во согласност со Рамковната директива за вода 2015* | МНВ | Сите нови згради треба да имаат систем за преработка на отпадна вода, односно да бидат приклучени на канализациски систем со пречистителни објекти. | Во случај на воспоставување на нова инфраструктура со проектот, тој мора да има соодветно пречистување на отпадните води. Во случај на непостоење на пречистителни можности во целната област, проектот мора да има мини пречистителна станица за отпадна вода. Оваа мерка е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти. | МЛС во соработка со МЖСПП |
| | | | | Иновативни решенија за третман на отпадна вода во оддалечените области без канализациски системи | Голем број на проекти ќе бидат лоцирани во области каде не постојат услови и инфраструктура за собирање на отпадните води и нивно пречистување. Промовирањето на иновативни решенија во таков случај (микро пречистителни станици за отпадна вода, јавно-приватни партнерства за пречистителни станици за отпадна вода и собирање на отпадните води, ...) во голема мерка ќе придонесат за одржлив развој на проектните области. | МЛС во соработка со МЖСПП |

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| | | П | Промоција на еколошко земјоделство | Поголемиот дел од проектните области се рурални области, со земјоделството како еден од најголемите извори за загадување на површинските и подземните води. Со промовирање на еколошкото земјоделство, ќе дојде до намалување на загадувањето и до зголемување на приходите на фармерите, посебно низ активности и врски со туризмот (промоција на локални јадења и производи, продажба на еко производи на туристи, ...). Препораката е изводлива во сите проектни области. | МЛС во соработка со Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - МЗШВ |
| | *Чиста езерска вода* | МНВ | Сите нови згради треба да имаат систем за преработка на отпадна вода, односно да бидат приклучени на канализациски систем со пречистителни објекти. | како погоре (види МНВ за подземни води) | МЛС во соработка со МЖСПП |
| | | | Иновативни решенија за третман на отпадна вода во оддалечените области без канализациски системи | како погоре (види МНВ за подземни води) | МЛС во соработка со МЖСПП |
| | *Добра вода од водоснабдителни системи* | МНВ | Сите нови згради треба да имаат систем за преработка на отпадна вода, односно да бидат приклучени на канализациски систем со пречистителни објекти. | како погоре (види МНВ за подземни води) | МЛС во соработка со МЖСПП |
| | | | Иновативни решенија за третман на отпадна вода во оддалечените области без канализациски системи | како погоре (види МНВ за подземни води) | МЛС во соработка со МЖСПП |

*Акционен план (2013 - 2015) за спроведување на Стратегијата за регионален развој на РМ*

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| | *Сигурност и безбедност на количините на вода потребни за задоволување на потребите* | МНВ | Доволни количини на вода за пиење треба да има на располагање пред промовирањето на развојот на туризмот во областа | Туризмот е сектор кој зависи од добриот квалитет на водата и во голема мерка влијае на зголемување на нејзината потрошувачка. Проектите за развој на туризмот треба да бидат поддржани само ако се лоцирани во области со доволно доволно количина на вода за пиење во однос на потенцијалниот развојот на областа, илисодржат активности за за истражување и употреба на нови извори на вода. Оваа мерка е изводлива во сите проектни области и туристички проекти. | МЛС во соработка со МЖСПП |
| | | | Употреба на алтернативни извори на вода (дождовница) и рециклирање на отпадна вода | Водата за пиење се користи често како намени каде може да се употребува вода со понизок квалитет (наводнување, технолошки процеси, итн.). Ќе бидат поддржани проекти кои предизвикуваат намалување на употребата на вода запиење за тие намени. Оваа мерка е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти | МЛС во соработка со МЖСПП |
| | | | Зголемување на јавната свест за употребата и квалитетот на водата за пиење | Во областите со недостаток на вода за пиење, треба да се работи на подигање на јавната свест за секој проект кој со себе повлекува користење на големи количини на вода, посебно во секторот на туризмот. Иновативни активности за пдигнување на јавната свест треба да се составен дел од секој таков проект. | МЛС во соработка со МЖСПП |
| | | П | Воведување на чисти технологии, технологии за заштеда и зачувување на водата, воспоставување на затворени системи | Одржливиот развој на проектните области може да биде постигнат со поддршка на проекти за промоција на вмрежување на малите и средни претпријатија-МСП, размена на искуства и трансфер на технологии во областа на чисти технологии или технологии за заштеда на вода. Оваа препорака е изводлива за сите проектни области и за сите проекти кои се однесуваат на МСП, технологија, туризам, образование и истражување. | Бирото во соработка со апликантите |

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| | *Подобрување на хидро-морфолошките карактеристии на изворите на свежа вода* | МНВ | Поддршка на такви видови на речен туризам кои имаат минимално влијание врз морфолошките карактеристики | Туристичките проекти кои ќе бидат поддржани во рамките на спроведувањето на Стратегијата (спортови на вода - речнии езерски) не треба да вклучуваат изградба на „цврста“ инфраструктура, туку само мали измени на водните токови (воспоставување на влезни точки за кајак, кану или сплавови на пример) и само ако е тоа неопходно. Оваа мерка е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти | МЛС во соработка со МЖСПП |
| | | | Минимизирање на интервенциите на речните корита и езерските брегови (без изградба покрај речните корита и езерските брегови) | Развојот на инфраструктурата поддржан во рамките на Стратегијата и Акциониот план не смее да има влијание и да се „меша“ со природните водени токови и живеалиштата покрај нив. Заради тоа, развојот на нова инфраструктура треба да биде лоциран подалеку од речните корита и езерските бргови. Поддршката ќе биде возможна само за „мека“ инфраструктура (кампови, пешачки патеки и слично) која стимулира оддржливо користење на речните и езерските брегови. Оваа мерка е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти | МЛС во соработка со МЖСПП |
| Звук | *Намалување на делот од населението кој е изложен на звук* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |

*Акционен план (2013 - 2015) за спроведување на Стратегијата за регионален развој на РМ*

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| | | П | Ефикасно планирање на употребата на земјиштето за различни намени (одвојување на областите за живеење од туристичките области или областите за настани на отворено). | Проекти кои симулираат потенцијално гласни активности, настани или инфраструктура би требало да бидат соодветно лоцирани за да не ги вознемируваат жителите и посетителите во областа. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти | МЛС во соработка со Центрите за развој на планските региони |
| Ресурси | *Рационална употреба и заштита на природните ресурси (земја, руди и фосилни горива)* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |
| | | П | Поддршка на инвестиции во подобрено користење на постоечката инфраструктура | Треба да бидат поддржани проекти кои се фокусираат на реставрирање, реконструкција и ревитализација на постоечката инфраструктура (згради, системи за снабдување, технлогија). Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти. | Бирото во соработка со апликантите |
| | | | Како локации за нова изградба треба да бидат препорачани неупотребувани фабричкипростори и запиштени области | Треба да бидат поддржани проекти кои се фокусираат на изградба на нови објекти на локации кои не се веќе во употреба (напуштени фабрики или рудници, на пример). Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти. | Бирото во соработка со апликантите |

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Не треба да биде поддржан неправилен развој на урбаните населби | Проектите поддржани во рамките на Стратегијата и Акциониот план треба да се фокусираат на активности во рамките на населените места, во градови и во села (освен во случај на активности врзани за природни ресурси кои се надвор од населени места). Сите градежни зафати и нови објекти треба да бидат насочени настрана од земјоделското земјиште. Пред одобрувањето на проектот треба да биде проверено дали локацијата одговара за предложената намена. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти. | Бирото во соработка со апликантите |
| | | | Употреба на алтернативни извори на енергија | Стратегијата треба да поддржи спроведување на проекти кои имаат како основа зголемување на користењето на алтернативни извори на енергија (соларна енергија за греење на вода во туризмот, биогас во селата, итн.) намалувајќи го негативното влијание на соодветниот сектор врз животната средина и потрошувачката на природните ресурси. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти. | Бирото во соработка со апликантите |
| Почва | *Заштита на почвата од ерозија и загадување* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |
| | | П | Препораките во областите на води и ресурси ќе имаат позитивно влијание врз почвата исто така | како што е наведено погореas above (види МНВ и П за води и ресурси) | |

*Акционен план (2013 - 2015) за спроведување на Стратегијата за регионален развој на РМ*

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| Природа | *Заштита и повторно воспоставување на живеалишта и природни системи, како и заштита на биодиверзитетот* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |
| | | R | Локации кои немаат големо значење за биодиверзитетот треба да бидат користени како локации за нова градба | Инфраструктурата која ќе биде изградена со поддршка во рамките на активностите од Стратегијата иАкциониот план не смеат да го намалат биодиверзитетот во проектните области. Заради тоа, изградбата треба да биде насочувана кон локации од мала важност во овој контекст. Оваа препорака оди во согласност со неколку други (изградба подалеку од речни и езерски брегови, повторна употреба на стари локации на фабрики,спречување на направилен урбан разој, итн). Треба да биде стимулирана само „мека“ инфраструктура која е поврзана со биодиверзитетот. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти. | Бирото во соработка со апликантите |
| | | | Потребна е подготовка на Анализа на влијанието врз животната средина доколу станува збор за нови инфраструктура во постоечки заштитени области, природни паркови, резервати и/или идни Натура 2000 локации. | Проектите во постоечки заштитени области, природни паркови, резервати и/или идни Натура 2000 локации треба секогаш да бидат пратени од соодветна Анализа на влијанието врз животната средина за да се согледаат можностите за намалување и отстранување на потенцијалните негативни влијанија врз околината. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти. | Бирото во соработка со апликантите |

*Акционен план (2013 - 2015) за спроведување на Стратегијата за регионален развој на РМ*

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| | *Ефективна и интегрирана заштита на природните богатства во заштитените области* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |
| Население и здравје | *Пристапност (услуги, транспортни услуги)* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |
| | | П | Потребно е воспоставување на јавни транспортни системи за поврзување на јавните услуги (здравствени услуги, административни канцеларии, културно наследство, пошти, банки, итн...). | Областите каде ќе се реализираат проектите се слабо меѓусебно поврзани со јавен транспорт што ја ограничува мобилноста на сопствениците на возила и го зголемува загадувањето од сообраќајот. На овој начин, ќе се зголеми мобилноста. Оваа мерка е озводлива во оддалечени проектни области, има силни врски со вработеноста, образованието и туризмот, и е поврзана со активностите за намалување на загадувањето. | Бирото во соработка со апликантите |
| | *Заштита на населението и материјалните добра од штетни влијанија на водата.* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| | | П | Не би требало да има изградба во областите каде има ризик од поплави | Сите проекти поджани во рамките на Стратегијата и Акциониот план треба да бидат лоцирани надвор областите склони кон поплави. Ова може да се постигне со внимателно набљудување на процесот на урбанистичко планирање и комбинација со другите мерки предложени во овој план (спречување на неправилното ширење и развој на урбаните средини, забранета изградба на објекти покрај речни токови и на езерски брегови). | Бирото во соработка со апликантите |
| Енергија | *Зголемување на енергетската ефикасност во сите области на потрошувачка и достава на енергија* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |
| | | П | Поставување на фокусот на енергетската ефикасност, вклучително промоција на централно греење, алтернативни горива и зголемување на енергетската ефикасност на објектите | Проектите поджани во рамките на Стратегијата и Акциониот план треба да бидат насочени кон промоцијата на мерки за зголемување на енергетската ефикасност, особено во јавните објекти и услуги. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти. | Бирото во соработка со апликантите |
| | *Зголемена употреба и промоција на обновливите извори на енергија* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |

*Акционен план (2013 - 2015) за спроведување на Стратегијата за регионален развој на РМ*

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| | | П | Употребата на биомасата и други обновливи извори на енергија треба да биде поддржана | Проектите подржани во рамките на Стратегијата и Акциониот план треба да подржуваат зголемена употреба и промоција на обновливите извори на енергија. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите типови на проекти. | Бирото во соработка со апликантите |
| Отпад | *Намалување на количините на отпад* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |
| | | П | Подготовка на прекугранична стратегија за отпадот и неговата потенцијална корисна употреба како секундаренматеријал. | Прекугранични стратегии за управување со отпадот за оддалечените региони би можеле да решат многу проблеми врзани за цврстиот отпад, неговор одложување и рециклирање. Би требало да бидат подржани проекти кои имаат содржини поврзани со управувањето со отпад, а посебно би можеле да бидат подржани подготовките на стратегии за повторна употреба или рециклирање на отпадот. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите проекти поврзани со одржлив развој. | Бирото во соработка со апликантите |
| | | | Поддршка на проекти за прекугранично управување со отпадот. | Одредени области по должината на граничните линии претставуваат региони во географски смисол, па соодветно на тоа и управувањето со отпадот би можело да биде поефикасно на тој начин. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите проекти поврзани со одржлив развој. | Бирото во соработка со апликантите |

| **Прашања** | **Цели за заштита на ЖС** | **Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П)** | | **Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите** | **Одговорна институција и механизам за спроведување** |
|---|---|---|---|---|---|
| Културно наследство | *Ревитализација и на културното наследство* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |
| | | П | Типологијата на објектите во населбите поврзани со културното наследство треба да биде земена предвид при донесувањето на одлуките за нови градби (традиционална архитектура...) | Кај проекти кои предвидуваат изградба или реконструкција на инфраструктура, згради или инсталации заштитени како културно наследство, треба да се следат насоките за реставрација или реконструкција на објекти заштитени со закон. Новата инфраструктура треба да биде проектирана на таков начин да не влијае на намалување на интегритетот на културното наследство на локалитетот. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите проекти поврзани со одржлив развој. | Бирото во соработка со апликантите |
| | | | Поддршката на урбанистичкото планирање треба да биде во насока на регенерација на урбаните и руралните населби. | види погоре (*Рационална употреба и заштита на природните ресурси*) Дополнително на тоа, при концетрацијата на развојот во населби, треба да се направи напор за заштита на карактеристичните аритектонски и природни елементи при проектирањето на нова или реконструирана инфраструктура. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите проекти. | Бирото во соработка со Центрите за развој на планските региони |

*Акционен план (2013 - 2015) за спроведување на Стратегијата за регионален развој на РМ*

| **Прашања** | **Цели за заштита на ЖС** | **Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П)** | | **Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите** | **Одговорна институција и механизам за спроведување** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Соработката при конзервацијата на културното наследство би можела да се фокусира на промоцијата на еколошки прифатливо реновирање на објектите, како и на промоција на традиционалното знаење како еколошки техники. | Проектите кои се фокусираат на размена на искуства и знаење за конзервацијата и ревитализација на културното наследство, а посебно со еколошки техники, треба да бидат поддржани во рамките на активностите од Стратегијата и Акциониот план.<br>Со промоцијата на резултатите од овие проекти, останатите проекти од Стратегијата би можеле да добијат на квалитет и да ги користат резултатите од некои активности. Оваа препорака е изводлива во сите проектни области и сите проекти поврзани со културна размена. | Бирото во соработка со апликантите |
| | *Пристапност на културното наследство и идентификација на образовен потенцијал* | МНВ | Влијанието на Стратегијата на оваа цел за заштита на животната средина ќе биде незначително и не се предвидени мерки за намалување на влијанието | - | - |
| | *Заштита на елементите кои придонесуваат за културна препознатливос* | МНВ | Поддршката на урбанистичкото планирање треба да биде во насока на одржување на препознатливите елементи на околината. | - | - |

| Прашања | Цели за заштита на ЖС | Мерки за намалување на влијанието (МНВ), препораки (П) | | Објаснување и изводливост на мерката / советот до апликантите | Одговорна институција и механизам за спроведување |
|---|---|---|---|---|---|
| | *m* | П | Препораката за намалување на неправилното ширење на урбаните населби , подобрувањето на хидроморфолошката состојба во реките и езерата, како и за одржливата употреба на природните ресурси го подржува и зачувувањето на културната препознатливост | види погоре (*Рационална употреба и заштита на природните ресурси, неправило ширење на урабинте населби, подобрување на хидроморфолошките карактеристики на реките езерата, одржлива употреба на природните ресурси)* | |

## 13. Анализа на ризикот

Анализата на ризикот е развиена како поддршка на идните одлуки и разбирање на можниот ризик во спроведување на Стратегијата. Ризиците се групирани во 4 (четири) главни групи:




### 13.1. Висока веројатност / мали последици (горе лево):

Повисоката транспарентност на Акциониот план постигната преку подобро организирани и планирани информативни и промотивни активности, ќе предизвика поголема политичка и јавна дебата за процедурите и активностите за регионален развој на земјата. Некои негативни дискусии би требале да бидат очекувани на почетокот, но транспарентноста ќе овозможи подобра подготовка и спроведување на развојните проекти. Може да биде очекувана дебата на национално и регионално/локално ниво, што е цел на кампањата за информирање на јавноста.

### 13.2. Ниска веројатност / мали последици (долу лево):

Координацијата на спроведувањето на овој Акционен план ќе постигне подобрување на ефикасноста на јавните финансии, иако повеќе активности ќе треба да бидат

спроведени за да се постигне одржливост и ефикасност на јавните финансии. Регионалната политика е само еден аспект во контекстот на јавните финансии.

Координираната подготовка на Националниот развоен план и широката подготовка на Стратегијата во иднина би резултирале со подобра соработка со останатите сектори и линиски министерства, што би водело до намалување на бројот на стратегии и плански документи. Регионалната конкурентност може да биде покривна стратегија за повеќе области.

Промоцијата на регионалниот развој и стратегијата за негово постигнување можат да доведат до вклучување на повеќе други донатори и финансиски институции, иако ова може да биде очекувано во помал обем заради разликите во плановите и постапките кај различните донатори.

### 13.3. Мала веројатност / големи последици (долу десно):

Слаби центри за развој на планските региони би можеле да го блокираат или успорат спроведувањето на Стратегијата и Акциониот план. Ќе биде потребна интензивна соработка со овие центри за навремена подготовка и спроведување на квалитетни развојни проекти.

Врз основа на финансиски проблеми и ограничувања на државниот буџет, државата би можела да ги откаже повиците за проекти и, со тоа да го блокира спроведувањето на Стратегијата и Акциониот план. Ова би предизвикало ослабнување на соработката помеѓу Центрите за развој на планските региони, Бирото и државата.

Концентрирањето на поголем дел од финансиите во едно министерство би предизвикало сериозни технички и административни потешкотии. Концентрирањето на фондовите мора да биде координирано и планирано на подолг временски период за да се постигне нивно добро управување и успешни резултати од политиките, што е и цел на регионалната политика.

Квалитетните проекти би можеле да повлечат повеќе средства од другите. Ова би можело да доведе до блокирање на спроведувањето на проекти во помалку развиените региони со послаби развојни тимови и Центри. Некој облик на механизам за урамнотежување ќе биде потребен во иднина за да ја спречи оваа можност заедно со силна поддршка на Центрите за развој на планските региони, што е основно.

### 13.4. Висока веројатност / високи последици (горе десно):

Координација на националното финансирање со ИПА-фондовите ќе ја зајкне регионалната развојна политика и ќе го подобри спроведувањето на проектите. Ова ќе отвори простор за регионални развојни проекти и проекти во областа на прекуграничната соработка.

Идната некоординираност на националнте, регионалните и останатите средства ќе го ослаби целиот систем. Некој облик на коорднација е потребен и за идната европска интеграција на Македонија. Секоја институција од системот ќе треба да го препознае својот удел во процесот и да ги изгради своите капацитети во рамките на структурата за спроведување на развојните политики во земјата.

Недостатокот на проекти со регионално влијание и значење ќе треба да биде надминато преку силна техничка соработка од било кој облик, додека подготвувањето на регионални развојни проекти мора да биде приоритет во следните три години.

Недостатокот од човечки и други (финансиски, правни, сопственички,...) ресурси ќе има негативно влијание на процесот на подготовка на предлог-проекти и на способноста за регионален развој преку нивно спроведување. Соработката помеѓу сите чинители на системот за поддршка на регионалниот развој (и пошироко) би требало да биде организирано преку координативно тело во кое ќе учествуваат регионалните и националните институции и организации.

## *ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА*

### 14. Цели на информирањето и комуникацијата

Активностите за информирање и комуникација на политиката на рамномерен регионален развој имаат за цел:

запознавање на пошироката јавност со целите на политиката на рамномерен регионален развој;

сензибилизирање на сите целни групи;

појаснување на улогите на секоја целна група одделно;

споделување на информации помеѓу донесувачите на одлуки, заради координирана имплементација на политиката на рамномерен регионален развој, како и

обезбедување на навремени информации во функција на подготовка на квалитетни проекти.

### 15. Целни групи

Комплексноста на политиката на рамномерен регионален развој подразбира нејзина комуникација со различни целни групи, на начин кој што е соодветен на улогата што ја има целната група. Поаѓајќи од целите на информирањето и комуникацијата, целните групи можат да бидат структурирани во две групи: екстерни и интерни.

#### 15.1. Екстерни целни групи

Граѓани, како корисници на услуги,

Граѓански организациии, како учесници во процесот на утврдување на потребите и приоритетите,

Бизнис-асоцијации, како учесници во процесот на утврдување на потребите и приоритетите,

Медиуми, како канали за информирање и комуникација,

Донатори.

#### 15.2. Интерни целни групи

Членовите на Советот за рамномерен регионален развој на РМ, (надлежни министри и градоначалници, претседатели на Советите на планските региони)

Членовите на Советите на планските региони (85 градоначалници)

Претседателите на Советите на Единиците на локалната самоуправа,

Државни службеници на централно ниво (раководни државни службеници во министерствата кои што работат на имплементирање на програми од регионално значење,

Државни службеници на локално ниво (државните службеници во секторите за локален развој),

Центрите за развој на планските региони.

### 16. Активности и одговорни институции за нивно спроведување

Заради остварување на целите на информирање и комуникација на политиката на рамномерен регионалнен развој, неопходно е да бидат реализирани плански и координирани активности кои што ќе бидат насочени кон секоја целна група одделно, во зависност од нејзината улога.

За информирање и комуникација на целните групи, основни канали за комуникација се електронските и печатените медиуми, интернет, печатени информативни материјали, организирани форуми, промотивни настани и сл. Овој начин на информирање и комуникација најголем ефект ќе произведе преку реализација на серија на различни активности организирани од страна на носителите на политиката на рамномерен регионален развој, коишто ќе бидат насочени кон една или повеќе целни групи:

- Презентација на нормативните акти и на другите документи на веб-страницата на МЛС (одговорност: МЛС)
- Организирање на посебна веб-страница на Бирото, којашто линковски ќе биде поврзана со веб-страницата на МЛС и со веб-страниците на Центрите за развој на планските региони (одговорност: Бирото)
- Истакнување на јавните повици за аплицирање на проекти на видливо место на веб-страниците на МЛС и на Бирото (одговорност: МЛС, Бирто)
- Подготовка на информативен печатен материјал што ќе содржи: Краток приказ на Стратегијата, Водич низ рамномерниот регионален развој на РМ - кратка публикација за приоритетите, целите и инструментите на политиката на рамномерен регионален развој, согласно Стратегијата и Законот, Флаер. (одговорност: МЛС, Бирото со поддршка од донаторите)
- Организирање на информативни Форуми во осумте плански региони за презентација на Стратегијата, улогата на секоја целна група одделно, хоризонтална и вертикална координација и комуникација и финансирање, (одговорност: МЛС, Бирото со поддршка од донаторите)
- Организирање на информативни денови во осумте плански региони пред објавување на секој јавен повик (одговорност: МЛС, Бирото)
- Организирање на прес конференции на кои што ќе бидат презентирани придобивките (одговорност: МЛС, Бирото, Советите за развој на планските региони)
- Организирање на посебни саеми на регионите како традиционални манифестации на коишто ќе бидат поканети и гости од странство - локални и регионални власти, бизнис-асоцијации, потенцијални инвеститори, медуми (одговорност: Советите на планските региони и Центрите за развој на планските региони, со поддршка на МЛС, Бирото и меѓународната донаторска заедница),
- Публикување на периодични билтени за спроведените и планираните активности во планскиот регион (одговорност: Центрите за развој на планските региони)
- Потенцирање на заедничкиот приод на општините во планирањето на развојот, како и придобивките за регионот од имплементацијата на проектите (одговорност: Советите на планските региони)
- Обезбедување на препознатливост преку употреба на единствен визуелен идентитет на политиката на рамномерен регионален развој на Република Македонија, како и употреба на визуелен идентитет на секој плански регион одделно, преку отсликување на неговите специфичности (одговорност: МЛС, Советите на планските региони)

## 16.1. Следење и евалуација

Следењето има за цел да обезбеди соодветна динамика на реализација на активностите кои што треба да доведат до:

- подобро разбирање на политиката на рамномерен регионален развој,
- напредок во однос на градењето свест за придобивките од политиката на рамномерен регионален развој.

Заради целосно следење и евалуација на реализацијата на активностите за информирање и комуникација, потребно е планските региони активностите да ги организираат во координација со МЛС.

За таа цел е неопходно да се воспостави мрежа на лица, задолжени за информирање и комуникација, кои што ќе бидат ангажирани во Центрите за развој на планските региони и ќе работат на организирање на комуникациски активности, размена на информации и координација на активностите меѓу планските региони и со МЛС. Овие лица не е неопходно да ја имаат исклучиво оваа работна задача, туку активноста околу организирањето на комуникациските активности ќе им биде дополнителен ангажман во склоп на веќе постоечкиот збир на работни задачи во Центарот.

Следењето ќе се врши преку анализа на печатените и електронските медиуми, преку интерактивноста на веб-страниците на МЛС, Бирото и на Центрите за развој на планските региони, преку многубојните активности (седници на Советите на планските региони, форуми со бизнис-секторот, со граѓанскиот сектор, организирани информативни денови, прес-конференции и сл.), преку извештаите за реализација на Програмите за развој на планските региони, што ги подготвуваат Центрите за развој на планските региони, како и преку извештаите за прелиминарно, тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој.

За напредокот и за извесни пројавени слабости, МЛС ќе го известува Советот за рамномерен регионален развој на Република Македонија, којшто ја има и улогата на координативен механизам во спроведувањето на политиката на рамномерен регионален развој.



## Прилози

**Развојни приоритети на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија**

**Развојни приоритети на планските региони**

**Индикатори кои е потребно да бидат користени од апликантите при подго-товката на предлог-проектите за регионален развој**

# 1 Развојни приоритети на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија

**Стратешка цел 1.**
**Конкурентни плански региони што се одликуваат со динамичен и одржлив развој**

Приоритет 1.1.
Поттикнување на економскиот раст во планските региони

- Подобрување на деловната клима за инвеститорите и претприемачитепреку унапредување на правната рамка (сите плански региони - согласно мерките дефинирани во НРП - 4.1. Подобрување на деловното опкружување);
- Обезбедување на подобар пристап до капитал, пред сѐ за домашните претприемачи;
- Креирање и/или поддршка на микроинвестициски, гарантни и други фондови за поттикнување на инвестициите на ниво на планските региони;
- Воспоставување и/или развивање на постојните институции (вклучително и Центрите за развој на регионите) за препознавање, промовирање и реализација на потенцијалот за инвестиции во планските региони;
- Едукација на домашните претприемачи за вложувања во пропулзивни и профитабилни дејности;
- Намалување на обемот на работна сила ангажирана во неформалниот сектор;
- Обезбедување на поддршка при формирање на кластери и деловни мрежи на носечките индустрии во планските региони;
- Промовирање на јавно-приватни партнерства за поттикнување на инвестициите;
- Јакнење на координацијата помеѓу релевантните институции на национално, регионално и локално ниво значајни за поттикнување на инвестициите и
- Јакнење на улогата на општините во планирањето и реализацијата на регионалниот развој .

Приоритет 1.2.
Развивање на современа и модерна инфраструктура во планските региони

- Осовременување на постојните магистрални патишта;
- Градење на нови магистрални патишта;
- Осовременување на постојните регионални патишта;
- Изградба на нови регионални делници;
- Осовременување на постојните локални патишта;
- Градење на нови локални патишта;
- Реконструкција и модернизација на постојната железничка инфрастуктура (Скопски, Вардарски, Пелагониски и Источен плански регион);
- Изградба на нови железнички линии за интегрирање на железничкиот систем на Република Македонија со соседните земји (Источен, Југозападен, Југоисточен и Пелагониски плански регион);
- Обезбедување поголема опслуженост на регионите со железнички услуги;
- Изградба на мултимодални транспортни јазли;
- Осовременување на постојната воздухопловна инфраструктура;
- Проширување на воздухопловна инфраструктура;
- Реконструструкција, модернизација и проширување на системите за водоснабдување
- Реконструкција и модернизација на системите за одведување и пречистување на отпадните води
- Подобрување на управувањето со цврстиот отпад ;

Приоритет 1.3
Препознавање и искористување на иновативниот потенцијал и подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии во планските региони

- Формулирање и имплементација на индустриска политика насочена кон подигнување на техничко-технолошкиот развој на македонското стопанство
- Изработка на студии за идентификување на потребите за подигнување на техничко-технолошката основа на носечките индустрии на ниво на плански региони
- Поддршка на истражувањата за технолошки развој и иновации
- Функционално поврзување на академските истражувачки институции со стопанството;
- Креирање на бизнис инкубатори, технолошки паркови, деловни мрежи и ИТ кластери;
- Промовирање на јавно-приватни партнерства за развивање и трансфер на нови технологии;
- Креирање на „центри на извонредност“ за истражувања во информатичката и други напредни индустрии (Скопски, Пелагониски и Југоисточен плански регион);
- Поддршка на МСП за усвојување и ефикасно користење на информатичките технологии;
- Обезбедување на предуслови за препознавање, развивање и искористување на иновативниот потенцијал на младата популација во текот на образовниот процес и
- Привлекување на странски директни инвестиции со (по)висока технолошка основа во технолошко-индустриските зони (Скопски, Пелагониски, Источен и Југоисточен плански регион)

*Акционен план (2013 - 2015) за спроведување на Стратегијата за регионален развој на РМ*

Приоритет 1.4.
Подигнување на нивото на човечкиот капитал во планските региони

- Програми за поголем опфат на населението во средното образование (сите плански региони, согласно Законот за задолжително средно образование);
- Програми за поголем опфат на населението во високото образование (Полошки, Источен, Југоисточен, Североисточен, Југозападен и Вардарски плански регион);
- Развивање и имплементација на системот на доживотно учење;
- Обезбедување на поголема вклученост на женското население во формалните образовни процеси и системот на доживотно учење;
- Прилагодување на образовните програми на потребите на стопанството;
- Градење на регионални информациски системи за професионална ориентација согласно карактеристиките на пазарот на трудот во регионите;
- Креирање на јавно-приватни партнерства за поддршка на вработувањата на младите високо-образовани кадри;
- Поддршка за воспоставување функционални врски помеѓу образовните институции и економските субјекти;
- Креирање на предуслови за повратни текови на интелектуалната емиграција и намалување на „одливот на мозоци";
- Институционална поддршка на приватните бизнис иницијативи на високо-образованите кадри што емигрирале во странство и
- Воспоставување на виртуелни програми преку електронски медиуми за користење на знаењето на емигрираните високо-образованите кадри во странство .

Приоритет 1.5.
Креирање на конкурентски предности на планските региони

- Изработка на студии за идентификување на приоритетните индустриски и услужни дејности за развој на регионите согласно нивните потенцијали;
- Промовирање на поддршка на стандардизацијата, акредитацијата, метрологијата и заштитата на интелектуалната сопственост;
- Поддршка за брендирање на препознатливи македонски производи;
- Обезбедување институционална поддршка за унапредување на носечките индустрии во планските региони:
- Обезбедување институционална поддршка за развивање на технолошко-интензивни индустрии:
- Креирање на модерен и продуктивен земјоделски сектор во планските региони (согласно приоритетите дефинирани во НРП и Стратегијата за земјоделство и рурален развој):
- Оптимално користење на природното и културно-историското наследство во функција на развој на туризмот (согласно приоритетите во Стратегијата за туризам)

Приоритет 1.6.
Оптимално користење и валоризација на природните ресурси и енергетските потенцијали во планските региони

- Изработка на студии за оптимално користење на природното богатство на планските региони за економски цели;
- Унапредување на правната рамка за експлоатација на природното богатство во функција на обезбедување повисоко ниво на заштита на животната средина;
- Создавање претпоставки за оптимално користење на резервите на јаглен за производство на електрична енергија:
- Создавање претпоставки за поголемо искористување на хидро-потенцијалот во планските региони:
- Поттикнување на користењето на соларната енергија;
- Поттикнување на користење на биомасата за производство на енергија;
- Поттикнување на користењето на енергија од ветерот (Вардарски, Источен и Пелагониски плански регион);
- Користење на енергијата од геотермалните извори во економски цели (Источен, Југоисточен, Југозападен и Скопски плански регион);
- Создавање на предуслови за подобро искористување на енергетскиот систем на природен гас.

Приоритет 1.7.
Заштита на животната средина во планските региони

- Обезбедување добра статистичка основа за различни аспекти поврзани со животната средина на ниво на плански региони;
- Изработка на студии за заштита на животната средина на ниво на плански региони;
- Обезбедување на имплементација на стандардите за заштита на квалитетот на воздухот и водата од страна на големите индустриски „загадувачи" и другите економски субјекти (сите плански региони - приоритети Скопје - Скопски регион; Велес и Кавадарци - Вардарски регион; Битола -Пелагониски регион и Тетово - Полошки регион);
- Обезбедување на имплементација на стандардите при испуштање на хемиски и други загадувачи во површинските и подземните води;
- Обезбедување на имплементација на стандардите за дозволеното количество на издувни гасови во

патничкиот сообраќај;
- Градење/осовременување на системите за пречистување на отпадните гасови, комуналните и индустриски води;
- Обезбедување на висок степен на контрола при примената на стари технологии во стопанството;
- Обезбедување на имплементација на стандардите при депонирањето на техноген отпад од топилничките и енергетските комплекси;
- Рекултивирање на загадената почва;
- Пошумување на поголеми површини во близина на градовите;
- Обезбедување механизми за силна контрола на влијанието на инвестициите врз животната средина и
- Обезбедување повисока заштита против природните ризици - ерозија на земјиштето, заштита на речните корита, итн. .

**Стратешка цел 2.**
**Поголема демографска, економска, социјална и просторна кохезија помеѓу и во рамките на планските региони во Република Македонија**

Приоритет 2.1.
Демографска ревитализација и порамномерна дистрибуција на населението помеѓу и внатре во планските региони

- Демографска ревитализација на планските региони и општините :
- Намалување на нерамномерната дистрибуција на населението помеѓу планските региони:
- Намалување на нерамномерната дистрибуција на населението внатре во регионите :
- Намалување на високата концентрација на населението во поголемите урбани центри на регионите преку обезбедување инфраструктура за квалитетно основно и средно образование, социјална и здравствена заштита во помалите општини и посебно, руралните средини;
- Креирање претпоставки за намалување на внатрешните миграции кон урбаните центри преку ревитализација на животот во малите општини и посебно, руралните средини;
- Повластени даночни стапки за живот и работа во малите општини и руралните средини со низок демографски индекс во рамките на планските региони;
- Обезбедување на квалитетен, сигурен и брз локален јавен транспорт во рамките на планските региони кој ќе биде достапен до сите граѓани и
- Обезбедување на добра покриеност на населението од малите општини и посебно, руралните средини со комуникациски врски.

Приоритет 2.2.
Градење на функционално-просторни структури за подобро интегрирање на урбаните со руралните средини во планските региони

- Поголема покриеност на планските региони со просторно-планска документација за планирање на урбаниот и другите сегменти од развојот :
- Унапредување на правната и институционалната рамка за реализација на просторно-планската документација;
- Обезбедување кохерентност на просторот преку заштита на високо-продуктивното земјоделско земјиште од неконтролирана пренамена во градежно;
- Поврзување на помалите општини и руралните средини со поголемите урбани центри во заеднички економски, образовни, социјални и културни проекти;
- Обезбедување едноставен, брз и финансиски достапен пристап на граѓаните од руралните општини и малите средини до урбаните центри за активности поврзани со работа, образование, социјален и културен живот;
- Подобрување на квалитетот на живот во помалите општини и руралните средини преку обезбедување на поголема покриеност со здравствени и социјални услуги и културни настани и
- Афирмирање на предностите за живот во помалите општини и руралните средини .

Приоритет 2.3.
Зголемување и порамномерна дисперзија на инвестициите и вработеноста помеѓу и во рамките на регионите

- Намалување на нерамномерната дистрибуција на инвестициите и вработеноста помеѓу планските региони:
- Намалување на нерамномерната дистрибуција на инвестициите и вработеноста внатре во регионите :

Приоритет 2.4.
Подигнување на степенот на социјален развој во планските региони

- Подигнување на стандардот на домување во планските региони:
- Обезбедување целосна покриеност на населението со здравствено осигурување;
- Преструктурирање на примарната здравствената заштита на населението согласно со демографските промени во регионите/општините;
- Отворање на центар за терцијарна здравствена нега во Битола, согласно со Медицинската мапа на Република Македонија (Пелагониски плански регион);
- Подобрување на заштитата и грижата за лицата со функционални и ментални пореметувања на

*Акционен план (2013 - 2015) за спроведување на Стратегијата за регионален развој на РМ*

| | |
|---|---|
| | ниво на планските региони;<br>- Преструктурирање на социјалната и детската заштита на населението согласно со демографските промени во регионите/општините;<br>- Отворање на домови и/или обезбедување на услуги за згрижување на стари лица, посебно во малите општини и руралните средини и<br>- Отворање на детски градинки и/или обезбедување на згрижување на децата, посебно во малите општини и руралните средини . |
| Приоритет 2.5.<br>Поддршка на подрачјата со специфични развојни потреби | |
